










Брошурата е изготвен врз основа на Годишната програма за работа на
ООУ “Орце Николов” - с.Ињево со помош на **стручните соработници**:
Бојана Лукарова—психолог
Билјана Бошкова—педагог

## ООУ„ОРЦЕ НИКОЛОВ“,
## с.Ињево, РАДОВИШ

# БРОШУРА ЗА РОДИТЕЛИ

## ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022



**e-mail:** nikolovorce@yahoo.com
**тел./факс:** 032 646-527



# Почитувани родители,

Следниве содржини ги издвоивме со цел објективно и квалитетно информирање за случувањата во образованието и воспитанието на Вашите деца односно нашите ученици имајќи ја во предвид взаемната грижа и љубов за нивно правилно формирање во здрави и продуктивни личности.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО—ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

Општинското основно училиште “Орце Николов” с.Ињево, Радовиш, се наоѓа во с.Ињево, Радовиш. Училиштето има најразгранета мрежа во општината и пошироко, бидејќи во својот состав опфаќа пет ПУ оддалечени од 5-21 км.

Денес работиме во современо училиште. Во составот на ОУ во с. Ињево има пет подрачни училишта и тоа 2 полни деветогодишни во с.Калугерица и с.Злеово додека во селата : Воиславци, Сулдурци и Покрајчево се подрачни училишта од I до V одд од деветогодишно образование. Селата во кои се наоѓаат имаат изградена инфраструктура. Сето ова овозможува полесна организација на ВОР и достапот до училиштата.

Во училиштето работат 21 наставник по одделенска настава, 30 наставника по предметна настава, директор, 3 стручни соработници (педагог, психолог, библиотекар), 2 административен кадар (секретар, благајник) и 12 помошно технички персонал.

Бројот на ученици во учебната 2021/22 година е 360, однодсно од I до V – 185 ученици, од VI до IX – 175 ученици. Учениците се распределени во 34 паралелки, од кои 7 се комбинирани со две одделенија.

Училишната библиотека располага со лектирни изданија за потребите на учениците, лектирни изданија и друга литература за наставниците.

Наставата за учениците со физичко присуство се одвива во прва смена и започнува во 07:30 часот, а завршува во 13:00 часот. Во подрачното училиште во с.Калуѓерица учениците од одделенска настава од второ до петто одделение одат втора смена со почеток од 13:30 часот до 19:00 часот.

Во училишните дворови во с. Ињево, с.Калугерица, с.Злеово и с.Сулдурци има изградени современи повеќенаменски игралишта за потребите на учениците.

Воспитно-образовниот кадар редовно ќе ги следи законските промени, наставните програми и професионално ќе се усовршува и ќе ги надградува своите професионални вештини. Истите ќе ги применуваат во работата со учениците во училиштето со цел учениците да ги добиваат најдобрите знаења и вештини за нивно полесно прилагодување во понатамошниот современ живот.

При планирањето на работата во училиштето со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2021/22 година приоритетно подрачје на





















## Активности во    училиштето




















промени е „ Подобрување на условите за работа во училиштето и Унапредување на воспитно-образовната работа. “ За таа цел е планирано:

1. **Да се опремат две училници со наставни средства за изведување на наставни содржини поврзани со ИКТ (Смена на обичните табли со СМАРТ табли) во ОУ с.Ињево и по една училница во подрачните училишта , кои што редовно ќе се сервисираат за реализација на наставата од I  и IV одделение.**

2. **Креирање на Веб страна на училиштето.**

Во училиштето во с.Ињево и во подрачните училишта опременоста со нагледни наставни средства е задоволувачка така што може да се реализира наставата. Секојдневно се работи за зголемување на бројот на нагледни средства.

Од оваа учебна година во прво и четврто одделение ќе се реализираат нови наставни програми во согласност со новата Концепција за основно образование.

Покрај редовната настава училиштето организира и вон-наставни активности и тоа ученички секции, училишни натпревари (најуспешните ученици учествуваат на општински и регионални натпревари), ученички парламент, хор и оркестар, училишен спорт, грижа за здравјето на учениците и ученички екскурзии. Во зависност од тоа какви насоки ќе добиеме од МОН за реализација на екскурзии поради пандемијата , така и ќе постапиме.

Дополнителната настава се организира со учениците кои заостануваат во работата во редовната настава. Оваа настава е наменета за учениците од второ до деветто одделение и ќе се реализира по 1 час седмично.

Додатната настава се организира со учениците од второ до деветто одделение кои посебно се истакнуваат и напредуваат и се реализира по 1 час седмично.

За дополнителната и додатната настава наставниците имаат обврска да подготват програма за работа и распоред на часови.

Во училиштето во текот на учебната 2021/2022 год. ќе се реализираат следниве проекти:

- Училишта од 21 век организирано од British Council
- Ликовни работилници и детски карневал во соработка со ЦК „Ацо Караманов“ Радовиш.
- Јакнење на мултиетничка соработка со општините.

### Мисија и визија

***Мисија*—Мисијата на нашето училиште е дека тоа е здрава училишна средина во која учениците пријатно се чуствуваат, со можност секое дете да научи и се здобие со знаења, индивидуално да се развива, стекнува доверба во себе, наставниците и другите вработени во училиштето, без разлика на**

**социјална, полова и етичка припадност.**

***Мото на училиштето***

**Училиште за сите деца**

***Слогани на училиштето***

Сакаме училиште без насилство.

Квалитетни планирања - успешна реализација на работата.

Активни методи за работа - активни ученици.

Активни ученици - трајни знаења.

***Визија*-сакаме нашето училиште да биде безбедна и дисциплинирана средина каде учениците со задоволство ќе доаѓаат, затоа што во него наставата ќе биде квалитетно планирана и ќе биде со современи форми и методи на работа прилагодена на потребите и интересите на учениците, наставниците и државата воопшто, ќе стекнат знаења, способности и вештини за развивање на свест за меѓусебно почитување, разбирање и работа без разлика на етничката и верска припадност.**

## ОЦЕНУВАЊЕ И ПРОВЕРУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Учениците од I, II и III одд. се оценуваат описно, описно и бројчано оценување се почнува во IV одд до VI одд., бројчано од VII одд. до IX одд.

Во оценувањето на учениците се раководиме од следниве **ПРИНЦИПИ**:

- ✓ Оценувањето, пред се има за цел да ги подобри постигањата на учениците.
- ✓ Оценувањето обезбедува целосни информации за постигањата на учениците.
- ✓ Оценувањето е составен дел на наставниот процес (на учењето и на поучувањето).
- ✓ Оценувањето се базира на користење на повеќе различни методи.
- ✓ Оценувањето е континуиран процес.
- ✓ Оценувањето е реално.
- ✓ Оценувањето е транспарентно.
- ✓ На оценувањето може да му се верува.








## *Химна на ООУ „Орце Николов“, с.Ињево*
## *На Орце*

**Книга на мудроста прочита тој**
**Во мракот голем под месечев зрак,**
**Книга на мудроста за беседата наша**
**Го отвори патот да истера мрак.**

**Ничкосан нароад од окови тешки**
**Не можејќи глава да покрене тој,**
**Над него сениште ко распукан рид**
**Го притиска цврсто , да не крене бој.**

**Орце ,ко корен корени многу**
**Ридот распукан го претварат во прав,**
**Сеништето грозно се стркала в бездна**
**Криејќи се таму штом осети страв.**

**Засолнет така демнеше младост**
**Да откине корен и корени други,**
**Со пуста желба да загуши радост**
**Ничкосан народ да претвори во слуги.**

**Орце-младост што згасна**
**Орце– младост за пример**
**Наш бестрашен орел див,**
**Орце-тој јунак во срцата наши**
**Остана херој засекогаш ЖИВ.**



## ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*Етичноста е дел од личниот систем на вредности. Етички се однесуваме не затоа што така ни налага законот, не затоа што тоа го очекува некој од нас, туку затоа што веруваме дека така треба и сакаме така да се однесуваме.*

*При прифаќањето на Етичкиот кодекс во оценувањето учесниците во процесот на оценувањето се раководат од следниве лични вредности:*

| | | |
|---|---|---|
| ** Почитување* | ** Праведност* | ** Демократичност* |
| ** Интегритет* | ** Чесност* | ** Храброст* |

**Со етичкиот кодекс учениците прифаќаат:**

- да се залагаат за реално и фер оценување на сите ученици и да се спротистават на појави кои доведуваат до необјективно оценување;
- да ги почитуваат барањата и договорените процедури во врска со оценувањето и да се информираат за последиците од нивното непочитување;
- да не поставуваат неприфатливи барања во врска со оценувањето на нивните постигања;
- да ги почитуваат советите на наставниците поврзани со оценувањето и учењето;
- да не се служат со недозволени постапки во текот на презентирањето на бараните знаења и вештини и да одбегнуваат да вршат какво било влијание (непосредно или посредно ) со цел некој ученик да се здобие со повисока оценка од реално заслужената.

**Со етичкиот кодекс родителите прифаќаат:**

- да го подржуваат учењето на своите деца преку залагање за фер оценување;
- да се воздржат од активности кои неоправдано би ги довеле нивните деца во повластена положба во оценувањето во однос на другите деца;
- да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците во врска со оценувањето на нивните деца;
- кај своите деца ученици да поттикнуваат чесен и фер однос и со своето однесување во врска со оценувањето на постигањата на учениците да им бидат пример за тоа;
- кај своите деца да ги препознаваат и спречуваат евентуалните обиди со недозволени постапки да добијат поповолна оценка од објективно утврдената.

**Со етичкиот кодекс наставниците прифаќаат:**

- да бидат непристрасни,објективни, позитивни, отворени и подготвени да им дадат поддршка и помош на учениците во процесот на оценувањето;
- со своето однесување во процесот на оценувањето да промовираат високи морални вредности и да бидат пример за учениците;
- да одбијат секаков вид на интервенција или поткуп понуден со цел да дадат оценка различна од заслужената;
- во процесот на оценувањето да ја почитуваат личноста на ученикот, неговите родители, приватноста на ученикот и сознанијата за неговото учење да не ги споделуваат со лица кои не се дел од процесот на наставата;
- да соработуваат со колегите со цел да се подобри оценувањето и притоа да не прават дискриминација на учениците по која било основа(национална, верска, полова, расна, социјална состојба и сл.).
- да реализираат отворен ден за средба со родителите;
- отворени часови за родителите;
- Оценувањето да биде транспарентно.

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛШТЕТО**



***Активности во училиштето***














**Советувањето го врши училишниот психолог / педагог** согласно основите на точка 1 од чл. 78 и истиот е должен да формира хомогени групи и да изготви неделен и месечен план за одржување на советувањето согласно член 77.

Оваа учебна година ќе се реализираат пет работилници од различен карактер водени од Тимот на МИО со цел меѓуетничка интеграција во образованието, работилниците се дадени подолу во табела.

| Ред. Бр. | Опис на активноста | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Игри и спортови (Скокање во вреки,теглење на јеже,фудбал,ракомет ) | мај |
| 2. | „Нашите семејства“ | април—мај |
| 3. | Физички активности—одделенски натпревари „Игри без граници“ | октомври |
| 4. | „Македонски и турски легенди и предања“ | ноември |
| 5. | Завршна работилница | јуни |



- Учениците навреме да доаѓаат на училиште (спорд распоредот за влез и и излез и движење низ училиштето кој е објавен на видно место во училиштето ).
- Да нема задоцнувања на часовите.
- Да се внимава за време на часовите.
- Најсторого ќе се казнува бегањето од часови особено групното бегање од часови (настава).
- За време на часовите да се разговара само во врска со наставната содржина на часот и тоа со ред (без голема галама) за да можаат да се слушнат сите размислувања.
- Учениците да не се навредуваат меѓусебе. Да нема меѓусебни тепачки.
- Да не се оштетуваат клупите, столчињата, туку тој цел инвентар да се зачува за наредните генерации.
- Секоја направена штета на училишниот инвентар должни се учениците што јанаправиле да ја надоместат.
- Учениците повеќе да се ангажираат околу уредувањето на училниците и училиштето т.е. тоа што го работат да го претстават транспарентно.
- Учениците да доаѓаат пристојно облечени во училиштето и со пристојни фризури.
- Строго се забранува пушење во училиштето.
- Учениците за влез и излез го користат влезот кој е означен на нивната паралелка со различно време на влегување и излегување на учениците за секое одделение кој распоред е на видно место во училиштето.
- Протокот-движењето на учениците во и надвор од училиштето се одвова по строго контролиран ред, по поставените ознаки со кои се означува правецот на движење и запазување на минимум потребното растојание од 1,5m при чекање ред на учениците пред и внатре во училиштето.
- На влез од училиштето учениците ги причекува дежурен наставник, кој се грижи ученикот да ги дезинфицира обувките и рацете, односно му помага на ученикот да ги дезинфекцира рацете со дезинфекционо средство.
- Учениците при влегување во училиште за време на престојот во училиштето и за време на наставата задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5m и носат заштитна маска, освен кога се на отворено во училишниот двор со одржување на препорачаната дистанца.
- На учениците при влезот во училиштето, им се мери телесна температура со безконтактен топломер. Во случај на покачена телесна температура (насд 37,4° не се дозволува влез на ученикот во училиште и родителот се упатува на консултација кај матичен лекар на ученикот). Децата со знаци на други заразни болести исто така не смеат да доаѓат

на училиште.

## КОДЕКС ЗА РОДИТЕЛИТЕ

Родителите треба да :

- Родителите/старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето, освен за родителите/старателите/образовните асистенти на учениците со посебни образовни потреби со задолжително носење маска на лицето.
- Да бидат во постојана комуникација со наставниците преку телефон или некоја онлајн апликација што ќе ја договорат родителите и наставниците.
- Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку преку телефон или некоја онлајн апликација.
- Критички да размислуваат за случувањата во училиштето.
- Да придонесуваат за успешна работа и претставување на училиштето.
- Да превземат дел од одговорноста во работата на училиштето.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА УЧЕНИКОТ

Дел од правата и обврските на ученикот, што произлегуваат од Законот за основно образование на РСМ:

Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната работа;

- Ученикот од здравствени причини може да биде ослободен од учество во одделни активности од наставата во основното училиште, врз основа на потврда издадена од соодветна здравствена установа;
- За секое неприсуствување на ученикот на настава, родителот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините на изостанувањето;
- Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања, основното училиште ги наградува и пофалува;
- Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно-образовната работа следуваат педагошки мерки;

# ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно - образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки:



1. <u>Усна опомена</u> (0-5 неоправдани изостаноци)- ја изрекува одделенскиот раководител;
2. <u>Писмена опомена (6-10 неоправдани изостаноци)</u> - ја изрекува одделенскиот раководител.

(за ученици од I до V одд. се изрекуваат само педагошките мерки од точките 1 и 2)

3. <u>Укор</u> - неодобрување на постапката (11-19 неоправдани изостаноци ) - ја изрекува одд. раководител, Одделенскиот совет, Наставнички совет, директор;
4. <u>Намалување на поведението</u> - Одделенски совет, Наставнички совет, директор;
   - 20-24 неоправдани изостаноци - поведението се намалува на "добро";
   - 25-30 неоправдани изостаноци поведението се намалува на "незадоволително".
5. <u>Преместување на ученикот во друга паралелка</u> - ја изрекува Одделенски совет, Наставнички совет, директор;
6. <u>Преместување на ученикот во друго училиште</u> - Наставнички совет, директор.

Поведението може да се намали и во ситуација кога ученикот нема или има мал број на неоправдани изостаноци во случаи кога видно ја нарушува дисциплината. Педагошка мерка важи за таа учебна година, а ако настанат позитивни промени кај ученикот педагошката мерка намалување на поведението се повлекува.

Согласно чл. 76 од Законот за основно образование, училиштето е должно да организира **<u>СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ , ОДНОСНО СТАРАТЕЛИТЕ</u>**

Родителот односно старателот се упаува на советување ако :

- ученикот во текот на наставната година истовремено има негативна оценка по три или повеќе предмети,
- ученикот има направено повеќе од десет неоправдани изостаноци,
- ученикот го навреди наставникот,
- ученикот учествува во различни форми на насилство,
- ученикот покажува антисоцијално (девијантно) и асоцијално однесување,
- ученикот предвреме го напушти образованието,
- ученикот користи говор на омраза и
- во краток период на ученикот значително му се намали успехот.